Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
**Управа за извршување на санкции**
**Казнено поправен дом Штип**

Бр. 01 - 1958/2
14.12. 2022 година
Штип

# ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

## 1.Вовед и поим

Поимот корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка. Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, **непотизам**, покровителство, мито и проневера на **пари**.
Корупцијата во вистинската смисла на зборот е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото. Тоа значи дека наместо да владее правото и неговите вредности, во државата во која има корупција владеат поединци кои се раководени од лични користољубиви цели. Корупцијата оневозможува остварување право на еднакви можности за успех во животот, како и еднаков натпревар на компании на пазарот на капитал и на услуги.

Во смисла на Законот за спречување на корупцијата, се подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг". Тоа значи злоупотреба на доверените јавни овластувања и положба за да се дојде до корист која не би требало да му припаѓа на службеното лице и кое на јавните работи им пристапува од користољубиви мотиви. Користа може да биде материјална или нематеријална, моментална или одложена, еднократна или повеќекратна, за себе или за други лица со кои службеното лице е во блиска, семејна или друг вид врска.
Корупцијата претставува глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји во светот, без оглед на нивото на развиеност или видот на државното уредување. Корупцијата сериозно го попречува нормалниот тек на живот, ефективното и ефикасно работење на институциите, го поткопува правниот систем и имплицира многу негативни последици.
Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни по јавниот,


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
**Управа за извршување на санкции**
**Казнено поправен дом Штип**

Бр.________________
__________2022 година
Штип

# ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

## 1.Вовед и поим

Поимот корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка. Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, **непотизам**, покровителство, мито и проневера на **пари**.
Корупцијата во вистинската смисла на зборот е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото. Тоа значи дека наместо да владее правото и неговите вредности, во државата во која има корупција владеат поединци кои се раководени од лични користољубиви цели. Корупцијата оневозможува остварување право на еднакви можности за успех во животот, како и еднаков натпревар на компании на пазарот на капитал и на услуги.

Во смисла на Законот за спречување на корупцијата, се подразбира „искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг". Тоа значи злоупотреба на доверените јавни овластувања и положба за да се дојде до корист која не би требало да му припаѓа на службеното лице и кое на јавните работи им пристапува од користољубиви мотиви. Korista може да биде материјална или нематеријална, моментална или одложена, еднократна или повеќекратна, за себе или за други лица со кои службеното лице е во блиска, семејна или друг вид врска.
Корупцијата претставува глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји во светот, без оглед на нивото на развиеност или видот на државното уредување.
Корупцијата сериозно го попречува нормалниот тек на живот, ефективното и ефикасно работење на институциите, го поткопува правниот систем и имплицира многу негативни последици.
Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори.


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни по јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности. Извештаите на многу релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата во Република Северна Македонија а досегашните истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин наживеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување. Борбата против корупцијата е приоротет на глобално и на национално ниво и бара систематизирани напори и целосна посветеност на сите чинители во општествениот живот. Република Северна Македонија како активен партиципиент во борбата против корупцијата ја усогласува законската регулатива со меѓународните стандарди.

Спречувањата на корупцијата на сите нивоа е клуч за успешна антикорупциска политика но и обврска на државите кои произлегуваат од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата и потребните документи на Советот на Европа во Европската Унија.

Од погоре наведеното забележуваме дека доаѓа до судир на две спротивставени страни и тоа од една страна Корупцијата што значи ,,искористување на функцијата,јавното овластување,службена должност или положба за остварување на каква и да било корист за себе или за некој друг,, и Интегритетот од друга страна кој подразбира квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Казнено поправен дом Штип почитувајќи ги начелата на законитост, ефикасност, ефективност, сервисна ориентација, а ставајќи акцент на јакнење на интегритетот на вработените, нивната стручност и компетентност е институција кај која приоритет е јавниот интерес и превзема мерки и активности за негова заштита. Како дел од институционалниот механизам во борба против корупцијата Казнено поправен дом Штип донесе Годишен план за проценка на ризици од корупција за 2023 година кој што ќе овозможи рана детекција и идентификација на ризиците од корупција, нивна анализа и препораки и мерки за нивно спречување. Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2023 година на Казнено поправен дом Штип ќе делува превентивно и ќе овозможи намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори.

Со оглед на ризиците кои се наметнуваат од областа на корупцијата Казнено поправен дом Штип има потреба од дефинирани алатки и механизми со кои ке


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 561
e-mail: kpd.stip@gmail.com

ги заштити внатрешните процеси и постапки.Казнено поправен дом Штип изготвува антикорупциски план кој го адаптира и наметнува како обврска и за вработените и за граганите.

2.Проценката кон ризиците од корупција

Корупцијата е појава која се манифестира низ многу различни начини и форми кои тешко можат да се препознаат и поради ова корупцијата е многу комплициран проблем кој нужно бара о земјите од мегународната заедница да изградат подобри и поефикасни методи за нејзино поефикасно спречувње и искоренување во целост.
Проценката кон ризиците од корупција е првиот и клучен чекор од процесот на подготовка на Годишниот план за спречување на корупција на Казнено поправен дом Штип.При проценката направена е анализа на факторите на ризици на системот како целина.Врз основа на таа анализа детектирани се повеке области каде е можна појава на корупција.
Во антикорупцискиот план на Казнено поправен дом Штип главен акцент е ставен на вработените и раководството.Преку јакнење на нивниот професионализам и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално задачите,согласно законите,прописите и интерните процедури со што храбро ке се спротивставaт на корупцијата.
Казнено поправен дом Штип преку Анализата за проценка на ризиците од корупцијата ги опфака сите сектори во институцијата и ги идентификува областите каде постои можност да се детектира корупцијата во установата.

2.Законски прописи

- Правна и основна рамка за донесување на Планот за борба против корупција на Казнено поправен дом Штип претставува Законот за спречување корупција и судирот на интереси (,,Сл.Весник на Република Македонија,, бр.12/19),потоа
- Кривичниот законик
- Повисок степен на почитување на законската регулатива
- Мегуинституционална соработка во борбата против корупцијата
- Спроведување проценка на ризик од појава на корупција на работните места
- Почитување на начелата на стручност и компетентност при селекција на кандидати за вработување
- Закон за заштита на укажувачи
- Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институции во јавниот сектор
- Правилник за надворешно пријавување.


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

- Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можностите за корупција
- Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да ја пријават секоја форма на корупција
- Зајакната контрола и надзор на јавните набавки
- Поведување дисциплински мерки против вработени кои се однесуваат корупстивно

Со оглед на карактерот на корупцијата како општествено штетна појава која постојано треба да се држи под контрола, основна стратешка цел во нејзината превенција и репресија е долгорочното оспособување и јакнење на нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата.

Врз основа на погоренаведените Законски прописи Казнено поправен дом Штип со нивна примена и почитување од страна на вработените и одговорните лица во установата ке се стреми кон искоренување на корупцијата како негативна појава и секоја,злоупотребата на службената положба ,положбата на одговорното лице во правно лице или лице што врши работи од јавен интерес за остварување на каква и да било корист за себе или за друг се смета за корупција и повлекува казнена,граганско правна и друга одговорност.

3.Цел и мерки за спречување на корупција

Согласно Законот за спречување на корупцијата, надлежно тело во Република Северна Македонија за изготвување и донесување на Државните програми за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси, е Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).
Казнено поправен дом Штип главниот акцент на Годишниот план за спречување и борба против корупцијата го става на вработените и раководството преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет и од нив се очекува професионално да ги извршуваат задачите во согласност со законот,законските прописи и интерните акти а со тоа воедно и да се спротивставаат на корупцијата.Со ова вработените се должни да го почитуваат етичкиот кодекс на однесување и да не постапуваат надвор од своите задолженија и овластувања како и веднаш да реагираат кога ке препознаат момент на корупција и во истиот момент да се спротивставаат **во спротивно истите ке се соочат со дисциплинска одговорност**.

Казнено поправен дом Штип упатува јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и истата ке се почитува и води преку следните пет законски принципи:


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

-Принцип на законитост-

Административните работници и припадниците на затворска полиција во Казнено поправен дом Штип должни се да го почитуваат правните норми,Уставот и законите во РСМ и никој не смее да ја користи функцијата службената положба за извршување на дејствие кое е спротивно на законот.

-Принцип на интегритет-

Под поимот ,,интегритет,,се подразбира законито,независно,непристрасно и етичко,одговорно и транспарентно однесување и вршење работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата.Секој вработен е должен во вршењето на функцијата да постапува совесно,стручно,одговорно,чесно,ефикасно и непристрасно,да внимава на евентуален судир на интереси и при вршење на службените работи не смее да се раководи од лични,семејни,верски,партиски и етнички интереси ниту од притисоци од претпоставениот или од друго лице односно подготвеност на поединецот да препознае и одлучно да се спротивстави на секоја незаконска,неморална и нечесна ситуација

-Принцип на еднаквост

Принципот на еднаквост значи еднаков пристап, еднакво постапување, слободно постапување и еднаквост во пријавување корупција.Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување односно неизвршување на дејствие што претставува искористување на функцијата,јавните овластувања,службената должност или положба за да се нанесе штета на друг.

-Принцип на јавност

Вршењето на власта,функцијата јавните овластувања,службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола од граѓаните.Ова значи дека граѓаните индивидуално или организирани во група се заинтересирани и имаат право да знаат за начинот и условите во кои се практикува власта односно должност на државните органи е да ги информираат граѓаните а граѓаните имаат право да ги пријават оние државни службеници чие однесување е неправилно и незаконско.

-Принцип на заштита и одговорност


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

Овој принцип подразбира дека секој доколку има информации,има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно закон.Секој кој е оштетен со коруптивно дејство има право да бара надоместок на штета.

Во контекст на погоренаведеното согласно Законот за заштита на укажувачи и правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор Казнено поправен дом Штип има назначено лице за прием на пријави од укажувачи,издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и другите податоци на укажувачите.

Казнено поправен дом Штип како најризични области за појава на корупција ги смета

1.Јавните набавки планирање на буџет и спроведување на постапките

Јавните набавки да се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки,транспарентност во трошењето на средствата кои се предвидени за реализација на јавни набавки и нивна контрола,објавување на постапките за јавни набавки кои се во тек , на завршените постапки за јавни набавки и на договорите за јавни набавки на веб страната на ЕСЈН.
Да не се врши притисок врз членовите на комисијата за спроведување постапки за јавни набавки,и секој обид за влијание врз членовите да биде соодветно пријавено до овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

1.Вработувањата во јавниот сектор

Вработувањата во јавниот сектор треба да се спроведуваат согласно законските услови предвидени за вработување и унапредување кои се составен дел на јавниот односно интерниот оглас и да нема никакви влијанија и притисок од страна.

2.Дисциплински постапки во КПД Штип

Секој вработен во КПД Штип треба да се однесува на законски пропишан начин во извршување на работните задачи и секое недозволиво,неетичко,незаконито и коруптивно однесување ке се санкционира на начин пропишан со закон и нема да има селективност во одговорноста на вработените.

3.Управување со финансиите и готовината во институцијата


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

е процедура со која се обезбедува финансиската обврска да не биде преземена и расходот да не биде платен без претходно одобрување од службено лице хиерархиски независно од лицето овластено за преземање на финансиски обврски и лицето овластено за плаќање;

4.Јавните набавки планирање на буџет и спроведување на постапките

Јавните набавки да се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки,транспарентност во трошењето на средствата кои се предвидени за реализација на јавни набавки и нивна контрола,објавување на постапките за јавни набавки кои се во тек , на завршените постапки за јавни набавки и на договорите за јавни набавки на веб страната на ЕСЈН.
Да не се врши притисок врз членовите на комисијата за спроведување постапки за јавни набавки,и секој обид за влијание врз членовите да биде соодветно пријавено до овластено лице за прием на пријави од укажувачи

5.Посети на осудени лица

Согласно Законот за извршување на санкции на осудените лица може да и се дозволат посети по основ на правото од лица заведени во картонот за посета заведени при прием на осуденото лице и по основ на погодност регулирано со Правилник за користење на погодности на осудените лица за време на издржување на казна затвор.
Можна злоупотреба на погоре наведеното може да се појават и по однос на правото и по однос на погодноста со злоупотреба од страна на вработените и затоа во оваа област потребно е почитување на погоре наведениот закон и правилник и да нема дискриминација на осудените лица по однос на посетите.

6.Пратки на осудени лица

Согласно Законот за извршување на санкции и Куќниот ред на установата осудените лица имаат право да примаат пратки и парични средства согласно Куќниот ред на установата од страна на членови од потесното семејство во смисла на овој закон и истите не смеат да бидат надвор од дозволената количина.

**7.Погодности за осудени лица**

Се регулираат со ЗИС и Правилник за користење погодности на осудени лица и можат да бидат во установата и надвор од установата.


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

Тука спагаат отсуства надвор од установата,годишен одмор на работно ангажирани осудени лица надвор од установата,излез до 7 часа,посета надвор од установа 4 часа и слободно видување со брачен или вонбрачен партнер. Овие погодности се одобруваат од страна на Комисија за погодности и истите треба да бидат во согкасност со ЗИС и наведениот Правилник.

**8.Примање на незаконски подароци**

Сите вработени треба да се однесуваат согласно закон во извршување на своите работни задачи и не смее да се дозволи пречекорување и злоупотреба на овластувањата со примање на подароци од странки.

**9.Спровод на осудени лица надвор од установата**

Спроводот на осудените лица надвор од установата се врши согласно ЗИС и Стандардно оперативен протокол за спровод на осудено лице во и надвор од установата.Прекршувањето на наведените законски прописи при спровод на осудени лица ке се санкционира дисциплински и кривично.

Неколку фактори кои можат да имаат влијание за појава на корупција е судирот на интереси. Конфликт на интереси значи конфликт меѓу јавната должност и приватните интереси на државен службеник, при што приватните интереси на државниот службеник може да имаат несакано влијание во извршувањето на неговите/нејзините јавни должности и одговорности. Постоењето на судир на интереси, наспроти корупцијата, како што веќе е наведено е природна ситуација во секојдневниот живот. Тоа значи дека судирот на интереси е потенцијален ризик што доколку соодветно не се управува често претставува вистински влез во корупцијата. Корупцијата секогаш вклучува и судир на интереси, иако не значи дека сите случаи на судир на интереси се и случаи на корупција. Затоа, решението е во навременото и правилното управување со судирот на интереси.
Честото и брзо менување на законската регулатива го зголемуваат ризикот во работењето и го оневозможуваат ефективното и законско работење во институциите.
Недоволно прецизно дефинирани улоги и односи помеѓу институции во борбата против корупцијата и судирот на интереси е уште еден фактор за појава на корупција.Тоа се фактори на ризици од корупција кои произлегуваат од институционалната поставеност на јавниот систем во насока на оценување дали е тој соодветен за извршување на функциите во определена област/сектор, односно дали постојат сите потребни институции, дали се надлежностите јасно дефинирани, каква е нивната меѓусебна координација, дали имаат соодветни услови за работа.


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

Неефикасното спроведување на законите како фактор кој би можел да влијае на појава на корупција треба да се внимава при изготвувањето и усвојувањето на Методологијата за антикорупциска проверка на изготвени предлог-закони, но и можноста да се разгледуваат и даваат мислења за закони што се веќе донесени со цел оцена од аспект на нивната практична примена и потребното усогласување, ќе ја зголемат ефикасноста во спроведувањето на законите и ќе ги минимизираат ризиците од корупција и судир на интереси до кои може да доведе легислативата.
Недостатокот на знаење и недостаток на практични вештини произлегува од недоволните обуки и програми за квалификација и обуки за невработените и нововработените лица, во согласност со потребите на институциите.

Во овој дел мерките за спречување на корупцијата ке бидат во насока унапредување на професионалноста и стручноста на вработените преку почитување на законските норми и тоа

-Почитување на Уставот и Законите во Република Северна Македонија
-Зајакнување на интегритетот на вработените
-Почитување на Кодексот на административните службеници
-Јакнење и контрола на јавните набавки
-Јакнење на финансиската контрола и располагање со финансиите
-Санкционирање на сите лица кои се однесуваат коруптивно,незаконски и неетички.

Меѓу граѓаните во РСМ постои широко распространета перцепција за селективно владеење на правото која се должи како на личните така и на пренесените искуства од општеството во целина.

Казнено поправен дом Штип со донесување на ,,ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА,,се труди да го подигне нивото на свест најпрвин кај вработените а потоа да ја смени сликата кај граѓаните во однос на корупцијата.

Казнено поправен дом Штип останува транспарентен и отворен за одговор сите прашања и дилеми кои се поставуваат во јавноста,и во иднина оваа установа ке остане посветена на борбата против корупцијата разгледувајки ги можностите и превземајки конкретни мерки за континуирано подобрување прилагодено на потребите за промена на системот на општеството.

Во иднина Казнено поправен дом Штип ке спроведува политика за нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и ке воспостави јак систем на контрола во спречување и откривање на корупцијата и судирот на интереси,


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

до најголем можен степен како и за намалување на нивниот ефект доколку се случат.

Овој План за проценка на ризици од корупцијата влегува во сила со денот на негово донесување и ке биде објавен на веб страната на Управата за извршување на санкции.

Изготвил
Тања Трајчова
Драган Глигоровски

Директор на КПД Штип
Мики Тодоров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
ШТИП


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com